Вкупниот број на изостаноци во осмо одделение е 482 изостанци од кои 419 се оправдани изостаноции 63 неоправдани изостаноци.

| | VIII-1 | VIII-2 | VIII-3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Оправдани** | 250 | 76 | 93 | 419 |
| **Неоправдани** | 3 | 23 | 37 | 63 |

- **IX одделение**

Во деветто  одделение во учебната 2023/2024 година учат вкупно 47 ученици од кои 30 момчиња, 17 девојчиња распределени во три паралелки.

IX/1-19

IX/2-17

IX/3-11

Сите ученици се бројчано оценети.

| Предмет | IX/1 | IX/2 | IX/3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,00 | 4,06 | 3,72 | 3,93 |
| Математика | 3,50 | 3,53 | 3,09 | 3,37 |
| Англиски јазик | 3,70 | 3,59 | 3,72 | 3,67 |
| Германски јазик | 3,60 | 3,53 | 3,63 | 3,59 |
| Ликовно обр. | 4,80 | 5,00 | 5,00 | 4,93 |
| Музичко обр. | 4,70 | 4,47 | 4,54 | 4,57 |
| Географија | 4,10 | 4,29 | 3,27 | 3,89 |
| Историја | 4,00 | 4,24 | 3,27 | 3,84 |
| Граѓанско образование | 4,50 | 4,29 | 3,81 | 4,20 |
| Биологија | 4,20 | 4,35 | 3,54 | 4,03 |
| Физика | 3,50 | 3,65 | 3,09 | 3,41 |
| Хемија | 4,00 | 3,88 | 3,54 | 3,81 |
| Иновации | 4,70 | 4,71 | 4,18 | 4,53 |
| ФЗО | 4,80 | 5,00 | 5,00 | 4,93 |
| **Изборни предмети** | | | | |
| Проекти од ликовна уме. | 4,80 | 5,00 | / | 4,90 |
| Проекти од музичка уме. | / | / | 4,90 | 4,90 |
| **Вкупно:** | **4,19** | **4,24** | **3,89** | **4,16** |

Средниот успех на ниво на училиште на крајот од учебната година е 4,16

За еден ученик е организиран одделенски испит во јунската испитна сесија и истиот е успешно завршен.

Највисок успех постигнале учениците од IX-2 4,24, а најнизок учениците од IX-3 одделение 3,89.

Највисок успех учениците постигнале по предметот ФЗО 4,93, а најнизок по предметот физика 3.41.

Според постигнатиот успех во деветто одделение:

| | Одличен | Мн. Добар | Добар | Доволен | |
|---|---|---|---|---|---|
| **IX/1** | 9 | 8 | 2 | / | |
| **IX/2** | 10 | 2 | 5 | / | |
| **IX/3** | 4 | 4 | 3 | / | |
| **Вкупно:** | 23 | 14 | 10 | 0 | **47** |

Вкупниот број на изостаноци во деветто одделение е 370 изостаноци од кои 300 се оправдани изостаноци, 70 неоправдани изостаноци.

Најмногу изостаноци има одделението IX-3 163 изостаноци од кои 103 оправдани изостаноци и 60 неоправдани изостаноци.

| | IX/1 | IX/2 | IX/3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Оправдани** | 141 | 56 | 103 | 300 |
| **Неоправдани** | 4 | 6 | 60 | 70 |
| | **145** | **62** | **163** | **370** |

Вкупниот број на изостаноци во учебната 2023/2024 година изнесува 2468 изостаноци или по 6 изостаноци по ученик.

Вкупниот број на оправдани изостаноци на крајот од учебната 2023/2024 година изнесува 2306 изостаноци или по 6 изостанци по ученик.

Вкупниот број на неоправдани изостаноци на крајот од учебната 2023/2024 година изнесува 162 изостаноци и е незначителен. Најмногу изостаноци имаат учениците од IV-2 одделение 372 изостаноци или по 16 изостаноци по ученик. Најмногу неоправдани изостаноци имаат учениците од IX-3 одделение 60 неоправдани изостаноци или по 5 изостанци по ученик.

| Одделение | Број на ученици | Оправдани | | Неоправдани | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Просек | Вкупно | Просек | Вкупно | Просек |
| I/1 | 25 | 106 | 4,24 | 0 | 0,00 | 106 | 4,24 |
| I/3 | 11 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| II/1 | 20 | 318 | 15,90 | 0 | 0,00 | 318 | 15,90 |
| II/2 | 19 | 174 | 9,16 | 0 | 0,00 | 174 | 9,16 |
| II/3 | 10 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| III/1 | 14 | 40 | 2,86 | 0 | 0,00 | 40 | 2,86 |
| III/2 | 15 | 178 | 11,87 | 0 | 0,00 | 178 | 11,87 |
| III/3 | 12 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| IV/1 | 22 | 55 | 2,50 | 0 | 0,00 | 55 | 2,50 |
| IV/2 | 23 | 372 | 16,17 | 0 | 0,00 | 372 | 16,17 |
| IV/3 | 8 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| V/1 | 13 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| V/2 | 11 | 5 | 0,45 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| V/3 | 9 | 113 | 12,56 | 0 | 0,00 | 113 | 12,56 |
| VI/1 | 15 | 90 | 6,00 | 0 | 0,00 | 90 | 6,00 |
| VI/2 | 15 | 70 | 4,67 | 9 | 0,60 | 79 | 5,27 |
| VI/3 | 5 | 9 | 1,80 | 6 | 1,20 | 15 | 3,00 |
| VII/1 | 21 | 13 | 0,62 | 0 | 0,00 | 13 | 0,62 |
| VII/2 | 18 | 39 | 2,17 | 9 | 0,50 | 48 | 2,67 |
| VII/3 | 6 | 5 | 0,83 | 6 | 1,00 | 11 | 1,83 |
| VIII/1 | 12 | 250 | 20,83 | 3 | 0,25 | 253 | 21,08 |
| VIII/2 | 14 | 76 | 5,43 | 23 | 1,64 | 99 | 7,07 |
| VIII/3 | 13 | 93 | 7,15 | 37 | 2,85 | 130 | 10,00 |
| IX/1 | 19 | 141 | 7,42 | 4 | 0,21 | 145 | 7,63 |
| IX/2 | 17 | 56 | 3,29 | 5 | 0,29 | 62 | 3,65 |
| IX/3 | 11 | 103 | 9,36 | 60 | 5,45 | 163 | 14,82 |
| **Вкупно:** | **378** | **2306** | **6,10** | **162** | **0,43** | **2468** | **6,5** |

Сите 378 ученици на крајот од учебната 2023/2024 година имаа примерно поведението.

Во текот на учебната 2023/2024 година изречени беа вкупно 4 педагошки мерки.

| Педагошка мерка | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | машки | женски | |
| **Укор** | / | / | |
| **Усмена опомена** | **4** | **0** | **4** |
| **Писмена опомена** | **4** | **0** | **4** |
| **Намалено поведение** | / | / | |
| **Префрлување во друга паралелка** | / | / | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Префрлување во друго училиште** | **/** | **/** | |
| **Вкупно** | **8** | **/** | **8** |

**Вкупен просек на постигнатиот успех на учениците во учебната 2023/2024 година, и споредбена анализа на успехот со минатата учебна година 2022/2023 година.**

| **Учебна 2023/2024 г.** | |
|---|---|
| **Одделение** | **Просек** |
| **IV** | 4,43 |
| **V** | 4,30 |
| **VI** | 4,41 |
| **VII** | 4,25 |
| **VIII** | 4,12 |
| **IX** | 4,16 |
| **Вкупно:** | **4,28** |

| **Учебна 2022/2023 г.** | |
|---|---|
| **Одделение** | **Просек** |
| **IV** | **4,26** |
| **V** | **4,61** |
| **VI** | **4,21** |
| **VII** | **4,45** |
| **VIII** | **4,08** |
| **IX** | **4,34** |
| **Вкупно:** | **4,33** |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите, учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии и можности за стручно образование, со цел да се поттикнат за избор на идната професија. Училиштето планираше и превземаше конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, при што учениците ќе се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на професионалната ориентација.

Во второто полугодие голем дел од средните училишта од град Охрид извршија промоции на училиштата и насоките и струките што ги нудат на учениците.Тоа им помогна на учениците во избор на училиште каде ќе го продолжат своето понатамошно образование. Освен посетите од средните училишта во второто полугодие од страна на стручната служба психолог беа реализрани низа активности за професионална ориентација (анкети, прашалници, презентации и сл.)

**15.3.Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација**

Нашето училиште се залага да биде училиште каде што сите негови чинители ќе се чувствуваат безбедни, среќни, добредојдени, ќе може да учат и да се надоградуваат на професионален и образовен план. Во училиштето има формирано тим за спречување на насилство и истиот реализираше програма за превенција на насилно однесување, чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности.

Училиштето има училишна политика за намалување на насилното однесување на учениците во училиштето, во која се образложени начините и мерките кои ги превземаше училиштето за намалување на насилното однесување. За болестите на зависност, одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираа работилници од програмата за Животни вештини. За учениците кои имаат асоцијално однесување, наставниците во соработка со стручната служба преземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите, изрекување на соодветни педагошки мерки според Интерниот правилник на училиштето за награди и казни, известување до педагошката служба во МОН.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето согласно законската регулатива се реализираше на следниов начин:

| |
|---|
|  **Прво тримесечје** Описно оценување од прво до шесто одделение |
|  **Прво тримесечје** Бројчано оценување за учениците од седмо, осмо и деветто одделение |
|  **Прво полугодие** Описно оценување од прво до шесто одделение |
|  **Прво полугодие** Бројчано оценување за учениците од седмо, осмо и деветто одделение |
|  **Трето тримесечје** Описно оценување од прво до шесто одделение |
|  **Трето тримесечје** Бројчано оценување за учениците од седмо, осмо и деветто одделение |
|  **Крај на учебната година** Описно оценување од прво до трето одделение |
|  **Крај на учебната година** Бројчано оценување за учениците од четврто до деветто одделение |

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во учебната 2023/2024 година во училиштето работеше и тим составен од , стручна служба и одговорните наставници на стручните активи, одговорен за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Комисијата континуирано ги следи постигнувањата, подготвува квантитативни извештаи и посочува методи и форми за подобрувања на постигнувањата.

| **Активности** | **Одговорни наставници** | **Очекувани резултати** | **Тим за евалуација** |
|---|---|---|---|
| Планомерна реализација на | Сите наставници | Подобрување на квалитетот | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| воспитно-образовниот процес | вклучени во воспитно-образовниот процес | на наставниот процес и подобрување на постигнувањата на учениците | Стручна служба<br>Наставници<br>Претседател на Совет на родители |
| Планомерна реализација на активностите на активите и вклучување на учениците во работата на активите | Одговорни на активите | Подобрување на квалитетот на наставниот процес и подобрување на постигнувањата на учениците | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Претседател на Совет на родители |
| Следење на постигнувањата на учениците | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>родители | Подобрување на квалитетот на наставниот процес и подобрување на постигнувањата на учениците | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Претседател на Совет на родители |
| Детектирање на намалување на постигнувањата на учениците | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>родители | Подобрување на квалитетот на наставниот процес и подобрување на | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Претседател на Совет на родители |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | постигнувањата на учениците | |
| Детектирање на ученици со високи капацитети за постигнувања | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>родители | Подобрување на квалитетот на наставниот процес и подобрување на постигнувањата на учениците | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Претседател на Совет на родители |
| Мотивација на учениците преку почитување на нови идеи, имплементирање на соодветни наставни методи, вклучување во натпревари, истражувања, проекти | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>родители | Подобрување на квалитетот на наставниот процес и подобрување на<br><br>постигнувањата на учениците<br>Применливост на знаењата | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Претседател на Совет на родители |
| Промовирање на постигнувањата на учениците во јавност | Директор<br>Наставници-ментори на ученици | Мотивација за подобрување на постигнувањата | |

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Следење и вреднување на работата на наставниците се вршеше од страна на директорот, стручната служба како и од страна на надлежните лица од БРО.

Следењето и вреднувањето се однесуваше на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето, наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација на училиштето се изработи на крајот од наставната 2023/2024 година и ги опфати учебните 2022/2023 и 2023/2024 година. По спроведената самоевалуација, училишната комисија даде извештај во кој се детектирани клучните силни страни во работењето на училиштето, како и слабите страни. За надминување на слабите страни, комисијата даде предлог мерки кои беа искористени во изработката на Развојната програма на училиштето, а во насока на подобрување и унапредување на квалитетот во работењето на училиштето.

## 17. Безбедност во училиштето

Во учебната 2023/2024 год. училиштето реализираше повеќе активности со цел да се создадат услови за пријатен и безбеден престој на учениците. Таа одговорност ја имаа сите вработени во училиштето, директорот и наставниците. Посебна улога за заштита и безбедност на учениците во текот на наставниот ден имаа дежурните наставници кои беа определени со распоредот на наставните часови и дежурства. Дежурните наставници се грижеа за редот и дисциплината во училиштето за време на часовите и одморите, го означуваа почетокот и

завршувањето на часовите. Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- **Правилник за заштита од пожари** и **експлозии** како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.
- **План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи** во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.
- **Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи** во кој се пропишани правилата за постапување во случај на евакуација.
- **План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.**
- **Кодекс на однесување за учениците, наставниците, родителите и надворешни лица** и **Куќен ред.**

- Протокол за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запоставување во училиште - Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување
- **Распоред на дежурства на наставниците** истакнат на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на одморите се води грижа за безбедноста на учениците.
- **Физичко обезбедување и видео надзор**
- Активностите за заштита и безбедност на учениците се координирани со институциите во локалната заедница: Министерството за внатрешни работи - Полициска станица Охрид, Центарот за социјални грижи.

## 18. Грижа за здравјето

Главна цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, физички и социјално здрава личност, способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.

Грижата на здравјето на учениците во учебната 2023/2024 година опфати и реализација на програмата за вакцинација на учениците, систематски прегледи, стоматолошки прегледи...

Активностите од ова подрачје беа насочени кон оспособување на учениците за заштита и унапредување на здравјето, преку развивање на свесност за значењето на психофизичкото здравје на човекот и зголемување на личната и колективна одговорност.

**Програмски содржини:**

- осигурување на учениците
- редовни систематски прегледи, вакцинации и стоматолошки прегледи
- одржување на хигиената во училиштето
- одржување на хигиената на рацете (како правилно се мијат рацете)
- организирана исхрана на учениците
- организирање на спортски активности
- конструктивно решавање на конфликтите, развивање на соработката
- развивање на училишна атмосфера на сигурност и поддршка

Конкретните содржини се реализираа низ редовната настава, часот на одделенскиот раководител и слободните активности.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето во учебната 2023/2024 година, водеше огромна грижа за хигиената во училишниот објект. Пред почетокот на учебната година во училиштето се изврши дезинфекција на училниците и останатите простории во училиштето. Ходниците се чистеа редовно во текот на денот. Зелената површина во училишниот двор се одржуваше секојдневно од страна на техничкиот персонал.

### 18.2. Систематски прегледи

Во соработка со Здравствен дом Охрид се реализираа редовните систематски прегледи. Одговорни наставници се одделенските раководители, во соработка со стручните соработници.

Стоматолошките прегледи се реализираа во соработка со ЈЗУ. Примарна здраствена установа за детска стоматологија. Одговорни наставници се одделенските раководители, во соработка со стручните соработници.

### 18.3. Вакцинирање

Во соработка со Здравствен дом Охрид се реализираше календарот на имунизација и вакцинација. Одговорни наставници се одделенските раководители, во соработка со стручните соработници.

- **Табеларен приказ на РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ**

| **Активност** |
|---|
| Редовно одржување на хигиената на училници, ходници и училиштен двор |
| Стоматолошки систематски прегледи и залевање на трајни заби на ученици од седмо одделение |
| Стоматолошки систематски прегледи и залевање на трајни заби на ученици од шесто одделение |
| Редовни прегледи на личната хигиена на учениците |
| Осигурување на учениците |
| DI-TE-PER вакцинација за учениците од вторите одделенија |
| Организирана исхрана на учениците, дефинирање на прикладно мени според современи нутриционистички норми |
| Систематски преглед и MRP вакцина за учениците во прво одд. |
| HPV вакцина за учениците од седмите одделенија |
| Систематски стоматолошки преглед за учениците од V и V одд. |

| |
|---|
| Систематски стоматолошки преглед за учениците од V одд. |
| REVAXIS вакцинација за учениците од деветите одделенија |
| Систематски стоматолошки преглед за учениците од IV и IV одд. |
| Систематски стоматолошки преглед за учениците од III одделение |
| DI-TE-PER вакцинација за учениците од II од VI одделение кои претходно не се вакцинирале |
| DI-TE-PER вакцинација за учениците од I до VI одделение кои претходно не се вакцинирале |
| DI-TE-PER вакцинација за учениците од VI до VIII одделение кои претходно не се вакцинирале |
| Систематски преглед за учениците од третите одделенија |
| Систематски стоматолошки преглед за учениците од II одделение |
| Систематски преглед за учениците од петтите одделенија |
| Систематски преглед за учениците од седмите одделенија |
| Систематски стоматолошки преглед за учениците од I одделение |
| Систематски стоматолошки преглед за учениците од I одделение |
| Градба и функција на орална празнина<br>Правилна исхрана и внес на шеќери- презентација во прво одделение |
| Градба и функција на орална празнина<br>Правилна исхрана и внес на шеќери- презентација во четврто одделение |

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во училиштето нема услови за Исхраната во училишната Активностите од ова подрачје беа насочени кон едукација на учениците за заштита и унапредување на здравјето, преку развивање на свесноста за значењето на психофизичкото здравје на човекот и зголемување на личната и колективна одговорност**.**

Наставниците во своите планирањa интегрираа содржини за здрава храна и ги реализираа на одделенските часови, редовните часови и вонннаставните активности.

## 19.Училишна клима

### 19.1. Дисципина

Во учебната 2023/2024 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени, тежнееја кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Нормативното уредување во училиштето се реализира преку имплементација на повеќето правилници и акти: Куќен ред, Кодекс на однесување на учениците, Кодекс на однесување на наставниците, Кодекс на однесување на родителите, Правилник за педагошки мерки. Училиштето водеше посебна грижа за почитувањето на етичките кодекси од страна на сите структури и тоа: директорот, наставниците, родителите на учениците, службениците во институциите надлежни за Образованието на државно и на локално ниво.

На почетокот на учебната година се определи распоред на дежурни наставници од редовите на одделенска и предметна настава кои ќе се грижат за дисциплината пред и по часовите, како и за време на одморите. За надминување на проблемите во поведението и дисциплината континуирано се водеа разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител со цел подобра дисциплина и воспоставување на работната атмосфера на часовите. Со своите активности во рамките на ученичките заедници учениците земаа активно учество во иницирање, изготвување и донесување на наведените кодекси и правилници.

Воспитно образовниот процес во училиштето се одвиваше според Кодексите на однесување на учениците, наставниците и родителите. Училиштето постапуваше според Правилниците во кои се предвидени и постапките кои ќе се превземаат при пофалување, наградување, како и при непочитување на правилата пропишани со кодексите.

### 19.2.Естетско и функционално уредување на просторот

Во учебната 2023/2024 година во училиштето се водеше грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Во сите училници за ентериерот се грижеа наставниците и учениците, додека за уредувањето на холот и ходниците одговорен е Тимот за естетско уредување. Во училиштето исто така се водеше грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини и поставените клупи. Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година, преку организирани акции заедно со учениците придонесуваат за убавиот изглед на училиштето.

### 19.3.Етички кодекси

Во училиштето се применува усвоениот Етички кодекс за однесувањето на наставниците и стручните соработници. Се гради атмосфера на заемно почитување и соработка на сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Согласно Законот за основно образование и интерните

Правилници за однесувањето во училиштето, поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно-образовната работа, подобрување на работната дисциплина и безбедноста. Посебно се нагласува потребата од соработка, постапност и конструктивност во пристапот на решавање на различните прашања и проблеми од училишниот живот.

### 19.4.Односи меѓу сите структури

Во рамките на своите активности, стручните соработници организираа индивидуални средби и разговори со вработените, родителите и учениците за подобрување и одржување на добри меѓучовечки односи и меѓусебна комуникација, доверба и соработка. Во контекст на ова ќе бидат организирани и разни начини на дружење и соработка. Нивото на соработка со родителите го одржуваат сите наставници, а посебно одделенските раководители, со помош и поддршка на стручните соработници и директорот. Односот помеѓу учениците и наставниците, како и со останатите вработени, наставниците го одржуваат исто така со помош и поддршка на стручните соработници и директорот.

## 20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1.Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој се утврдуваа на состаноците на Стручните активи пред почетокот на учебната година.

На почетокот на учебната година од БРО беше испратен каталог со акредитирани обуки за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Секој наставник според своите потреби и искуства се определи која обука ќе ја следи.

Во функција на професионалниот развој на наставниците, по обуките се организираше размена на искуства во рамките на активите.

### 20.2.Активности за професионален развој

Наставниците постојано превземаат активности за својот професионален развој. Тие на почетокот на учебната година испланираа различни активности за својот професионален развој кои ќе се реализираат преку организирање на обуки, семинари, работилници за кои имаат потреба наставниците, и стручните соработници и изготвија акциони планови за истите.

### 20.3. Личен и професионален развој

Во училиштето се планираше и спроведуваше поединечно следење на напредувањето на наставниците и нивното вреднување преку работата на тимот за ,,Професионален развој на наставниците во училиштето,“ како и следењата од страна на директорот и стручните соработници во училиштето преку посета на часови и доставениот педагошки картон. Врз основа на добиените повратни информации од извршената самоевалвацијата на училиштето, како и врз основа на извештаите од посетени часови, наставниот кадар, стручните соработници и директорот ги идентификуваа слабите и јаките компетенции преку скалата за самопроценка. Секој од нив изработи Личен план за професионален развој, така што компетенциите се имплементираа во Планирањата на стручните активи на училиштето.

### 20.4. Хоризонтално учење

Во нашето училиште се креира училишна политика за хоризонтално учење, имајќи предвид дека истото е особено важно за подобрување на квалитетот на наставната дејност. Во оваа смисла, се планираат и реализираат повеќе активности. Имено, се практикуваат различни начини за пренесување и размена на знаењата и професионалното искуство. Се негуваат форми за поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците, преку одржување ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки со цел зголемено взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација, почитувајќи го мислењето на секој поединец.

### 20.5.Кариерен развој на воспитно - образовниот кадар

Во училиштето се поддржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците, затоа што тоа придонесува за развој и напредок на целото училиште. Процесот на кариерен развој на наставниците, се одвива во три дела: приправнички период, период кога наставникот/стручниот соработник работи самостојно и период каде што се напредува во звање наставник/стручен соработник-ментор и наставник/стручен соработник-советник. Воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со:

1. Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот
2. Професионалните стандарди за наставник-ментор
3. Професионалните стандарди за наставник-советник

Во рамките на кариерен развој во нашето училиште има еден наставник кој е избран за наставник - ментор.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето се остваруваше на две нивоа и тоа на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Семејствата и родителите на нашите ученици во учебната 2023/2024 година беа редовно и навремено информирани и вклучени во сите активности кои ги планираше и реализираше училиштето. Родителите редовно се информираа за работењето на училиштето преку индивидуалните и групни родителски средби, како и на седниците на Советот на родители. Со цел подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците, училиштето ги вклучуваше родителите за надминување на пројавените проблеми.

Преку соработката на одделенскиот наставник, родителите навремено беа информирани за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектираните проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаа увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во учебната 2023/2024 година, родителите електронски преку е – дневник, мејл адресите и вибер групите кои ги формираа заедно со одделенските и предметни наставници се известуваа за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците. На веб-страницата на училиштето родителите транспарентно се информираат за термини и консултации со наставниците, за индивидуалните напредувања на учениците по одделни наставни предмети. Во соработка со нив, се посвети внимание на учениците за надминување на пројавените проблеми. Во соработка со одделенските и предметните наставници, родителите навремено се

информираа за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализацијата, адаптацијата и детектираните проблеми на учениците.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е взаемна. Многу често родителите соработуваат со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни, па така се организираа предавања од областа на медицината, стоматологијата, сообраќајот, етиката, културните обичаи и слично. Но, од друга страна и училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП и слично). Подигање и развивање на педагошката култура на родителите се врши преку организирање на стручни презентации, и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето. Во текот на учебната година психологот на училиштето вршеше советување на родителите според Програма за советување, советодавна работа со родителите (индивидуална и групна) која се одвиваше преку вклученост на стручната служба, одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

**Локална заедница** (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Училиштето ја унапредува и продлабочува соработката со Општина Охрид. Претставниците во училишниот одбор од Општината присуствуваа на јавни настани кои ги реализираше училиштето, ја следеа дејноста на училиштето, учествуваа во работата на Училишниот одбор.

Училиштето соработува со сите релевантни институции кои допринесуваат за успешно спроведување на воспитно-образовната дејност.

Основното училиште како императив во работењето има зацртано соработка со Локалната самоуправа, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, локалната заедница, соработката со основни и средни училишта, Домот на културата, Градската библиотека, НП Галичица,

Хидробиолошки завод, Младински Центар- Охрид, Касарна ХАБ, СЛОУ ФУД, локални ТВ и радио станици и интернет портали, Биро за вработување, Центар за социјални грижи, Медицински центар, институции задолжени за безбедноста на учениците и други компетентни институции.

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности, како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.

ООУ „Кочо Рацин“ е училиште кое има јасна определба за соработка со јавноста и за промоција не само во рамките на локалната средина, туку и пошироко.

**-Транспарентност во информирањето**

Информирање на пошироката јавност за:

-Постигнатите резултати во наставата и успехот на учениците

-Активностите што се преземаат за унапредување на здравјето на учениците

-Реализирањето на проекти,-Резултати од извршени испитувања

Информирани субјекти и инструменти на информирање:

-Министерство за образование и наука

-Биро за развој на образовани

-Локална самоуправа

-Стручни тела на училиштето

-Училиштен одбор

-Совет на родители

- Родителски средби,

-Поширока локална заедница

-Училиштен весник „Мугри“

-Локалните радио и ТВ станици

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорни/лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **1.Поддршка на учениците** | во текот на целата учебна година | директор, психолог, педагог | директор, стручни соработници и одговорни лица на тимови |
| **2.Управување и раководење** | во текот на целата учебна година | директор, психолог, педагог | директор, стручни соработници и одговорни лица на тимови |
| **3. Соработка со родителите и локалната средина** | во текот на целата учебна година | Директор, психолог, педагог | директор, стручни соработници и одговорни лица на тимови |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Во текот на учебната 2023/2024 година, училиштето ги реализира и спроведе планираните активности, а воедно и вршеше следење и евалуација на акциските планови до крајот на учебната година. Во училиштето се поттикнува соработката помеѓу наставниците на тој начин

што севкупната работа на училиштето е организирана преку работата на тимови кои одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Помеѓу тимовите постои отворена комуникација, взаемно почитување и соработка преку организирање состаноци на кои се овозможува конструктивно решавање на проблемите, при што се почитува мислењето на секој поединец.

## 25. Заклучок

Ние како образовна установа целиме кон почитување на соработката, отвореноста, одговорноста и ориентираноста кон иднината. Нашиот досегашен успех е резултат на квалитетна работа која е насочена кон остварување на поставените цели, визијата и мисијата и преку активно вклучување на сите субјекти. Во нашето училиште посебен акцент се става кон учество во проектни и воннаставни активности кои се во насока на унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и почитување на различностите. Во таа насока остануваме транспаретни во работењето и отворени за соработката со локалната средина, општината, меѓународните организации, невладините организации преку разни проекти, хуманитарни акции и разни други активности. Професионалниот развој на наставниците се темели врз постојано учење и усовршување во текот на работата, како и преку работа и учење едни со други со што се обезбедува размена на знаењата и нивна практична и директна примена. Раководниот кадар води сметка за транспарентно, контролирано и добро спроведувано финансиско работење. Се води евиденција за постојните и потребните наставни средства и помагала и се одредуваат приоритетните потреби. На учениците секогаш им се отвораат можности да направат избор за учество во воннаставни и проектни активности, секции, спортски клубови и сл. според своите желби и можности и постојано се поттикнуваат за учество на натпревари. Голема е посветеноста на наставниците кон талентираните и

надарените ученици, како и кон оние на кои им е потребна дополнителна помош преку организиран план за посета на дополнителна настава.

Особено нè радува квалитетната и продуктивна соработка со родителите, а преку сите активности спроведени во и вон училиштето успеваме успешно да се промовираме во јавноста преку различни електронски и печатени медиуми. Вниманието беше насочено кон тоа: како учениците ги применуваат стекнатите знаења и вештини во реални животни ситуации преку користење на современи наставни средства и материјали, поттикнување за учество во воннаставни активности, проекти, натпревари, учење по пат на решавање проблеми, истражување, креативност, одговорност, критичко размислување, развивање емпатичност, мултикултурализам и соработка. Констатираме дека планираните активности во учебната 2023/2024 г. во голема мера се реализираа според Годишната програма.